# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ
## на Општина Крива Паланка

Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: контролорот ) посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите процеси на неговото работење и се грижи обработката на личните податоци на субјектите на личните податоци (вработени, апликанти за вработување, подносители на барање, корисници на услуги, даватаели на услуги) во Општина Крива Паланка да биде во согласност со прописите, начелата и вредностите за заштита на личните податоци.

Оваа Политика за приватност содржи информации за категориите на податоци кои може да ги собереме, употребуваме, чуваме и обработуваме во општина Крива Паланка и начин на кој се користат и со кого се споделуваат тие податоци. Политиката за приватност го содржи и начинот на кој може да не контактирате доколку имате прашања за овие податоци.

Оваа политика за приватност е во согласност со прописите за заштита на личните податоци и интерната документација на Општина Крива Паланка за регулирање на оваа област.

Ви се заблагодаруваме за посетата на оваа веб страница. Веруваме дека пред да ги користите нашите услуги, ќе ги прочитате, разберете и ќе ги прифатите сите правила и услови наброени во рамки на оваа Политика за приватност.

**1.Правна основа и цел на обработка на Вашите лични податоци**

„Ние ги обработуваме Вашите лични податоци собрани  само во случај кога имаме валидна причина и правен основ за тоа. Правните основи ги утврдуваме врз основа на целите заради кои ги собираме Вашите лични податоци. Притоа, законитоста на обработката на Вашите лични податоци може да биде една од следниве:

- **Согласност -** Обработката на Вашите лични податоци, ако не е со законски основ можеме да ја извршиме само врз основа на Ваша дадена изречна согласност. Во тој случај ќе превземеме соодветни мерки, за благовремено, на транспарентен, разбирлив и лесно достапен начин да Ве известиме за целта на обработката за која ни е неопходна Вашата согласност за да можете да донесете информирана одлука за тоа дали сакате да ни ја дадете согласноста. Дополнително ќе бидете известени за Вашите законски права, како и начинот на повлекување на дадената согласност врз основа на Законот за заштита на личните податоци.

- **За исполнување на договор со Вас** (или со цел да се преземат чекори пред да склучиме договор со Вас): Во овој случај ги користиме Вашите лични податоци доколку ни требаат заради исполнување на договор со Вас.

- **Заради исполнување на законска обврска**
  Во одредени случаи ние како контролор имаме законска обврска ди ги обработуваме Вашите лични податоци во случаи кога е тоа утврдено со закон.

**2.Категории на лични податоци кои ги собираме и целите за кои истите се собираат и обработуваат**

Институцијата ги собира следниве лични податоци за следните цели:

**2.1.Информации за кандидатите кои  аплицирале за вработување на одредена работна позиција** заради целите на аплицирање за вработување и кои доброволно ги доставуваат со пополнување формулари на нашата веб страница и тоа:

- Име на Кандидатот;
- Презиме на Кандидатот;
- E-mail адреса на Кандидатот;
- Телефонски број на Кандидатот;
- Адреса на живеење на Кандидатот;
- Податоците кои кандидатот ги навел во кратката биографија приложена како прилог кон пријавата, а кои согласно Законот за заштита на личните податоци претставуваат лични податоци;

**2.2.Информации за подносителите на барање и остварување на нивни права** со доброволно пополнувањеа на барањето со лични податоци и тоа:

- Име на подносителот на барање;
- Презиме на подносителот на барање;
- E-mail адреса на подносителот на барање.;
- Телефонски број на подносителот на барање;
- Адреса на живеење на подносителот на барање.

**2.3.Податоци за сите посетители на веб страница** на Општина Крива Паланка

Вообичаено собираме податоци за навигација (види подолу) кои се користат за анализирањето на податоците од посетите на нашата веб страница како и за одржување на информациска сигурност на нашата веб страница. Повеќе за употребата на колачиња прочитајте на нашата политика за користење на колачиња (линк).

### 2.3.1 Податоци за навигација

При посетата на нашата веб страница, на серверот за секој посетител се креираат логови со следниве податоци:

- Вашата интернет протокол (IP) адреса;
- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Вашиот оперативен систем;
- Видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- Држава (се одредува преку IP адресата).

## 3. Начин на собирање на личните податоци

Начинот на собирање на личните податоци се одвива со доброволно пополнување на формулари, вклучувајќи ги и формите за аплицирање за вработување, остварување на одредени права, посетување од страна на крајните корисници на нашата веб страница.Начини на собирање на личните податоци се следните:
- Преку користење на веб страната на општината од надворешни корисници, вклучувајќи ги тука и формите за аплицирање;
-преку емаил ......
-преку писарницата на општината
-преку пошта
-по факс,

## 4. Начин на обработка на личните податоци

Собраните лични податоци се обработуваат, исклучиво од страна на посебно овластени лица вработени во Општина Крива Паланка со почитување на стандардите и начелата за обработка на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.

## 5. Начин на користење и заштита на личните податоци

Собраните лични податоци се користат за да:

- Општина Крива Паланка утврди дали кандидатите за вработување ги исполнуваат општите и посебни условите за вработување пропишани во неговиот внатрешен Акт за организација и систематизација на работни места;
- Општина Крива Паланка ги контактира кандидатите кои аплицирале за вработување
- Општина Крива Паланка ги усвои барањата од подносителите

Институцијата презема соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди ниво на безбедност соодветно на ризикот,особено ризиците кои се поврзани со обработката, особено од случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање на личните податоци или неовластен пристап до пренесените, зачуваните или на друг начин обработени лични податоци.

Вработените во општина Крива Паланка се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации (вклучително и личните податоци), до кои ќе дојдат за време на извршувањето на нивните работни задачи за времетраењето на нивниот работен однос, како и по истек на истиот.

Општина Крива Паланка ги чува и обработува личните податоци опишани во точка 1 на оваа Политика за период кој е потребен единствено за исполнување на целта за нивното собирање, обработување и чување.

## 6. Кои се Вашите права во однос на обработката на Вашите лични податоци?

**а)Право на пристап**

Вие имате право да побарате од Општина Крива Паланка да Ви обезбеди пристап до личните податоци кои се собрани во врска со Вас. Остварувајќи го правото на пристап, можете да добиете податоци за:

●зошто ги обработуваме Вашите лични податоци
● кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас
● од кои извори освен од Вас лично, собираме лични податоци
●дали и под кои услови ги споделуваме Вашите лични податоцисо трети страни
●колку долго ги чуваме Вашите лични податоци
●Дали со нашето работење постои автоматизиран процес на ослучување, вклучувајќи и профилирање

**Барање за пристап до лични податоци – линк**

**б)Право на исправка**

Вие имате право да побарате исправка на Вашите лични податоци. Ова право можете да го остварите во случаите кога:

●сметате дека Вашите лични податоци не се точни или не се потполни
●сметате дека Вашите лични податоци треба да бидат дополнети заради исполнување на целта заради која се обработуваат

**Барање за исправка на лични податоци – линк**

**в)Право на бришење („право да се биде заборавен“)**

Вие имате право да побарате од Општина Крива Паланка да ги избрише Вашите лични податоци во случаите кога:
● сметате дека Вашите лични податоци не се повеќе потребни односно, целите за нивната обработка се веќе исполнети
● ја повлекувате согласноста за да ги обработуваме Вашите лични податоци
● имате вложено приговор на обработката на Вашите лични податоци
●сметате дека Вашите лични податоци се незаконски обработени
● сметате дека личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон;

**Барање за бришење на лични податоци – линк**

**г)<u>Право на ограничување на обработката</u>**
Вие имате право да побарате ограничување (блокирање) на обработката на Вашите лични податоци. Ова право може да го остварите кога:
●ја оспорувате точноста на Вашите лични податоци
●ја сметате обработката на Вашите лични податоци за незаконска
● сметате дека податоците не му се потребни на Општина Крива Паланка како контролор, но потребни Ви се Вам за остварување на други правни барања
● барате верификација за тоа дека легитимните интереси на Општина Крива Паланка преовладуваат над Вашите интереси како субјект на личните податоци

**Барање за ограничување на обработката на лични податоци – линк**

**д)<u>Право на приговор</u>**
Вие имате право да поднесете приговор врз основа на конкретна ситуација поврзана со обработката на Вашите лични податоци. Приговорот може да го поднесете за обработка на личните податоци која:
●се заснова на јавен или легитимен интерес, вклучувајќи и профилирање
●се врши за цели на директен маркетинг и профилирање поврзано со директниот маркетинг
●се врши за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели

**Барање за поднесување приговор – линк**

**<u>ѓ)Право на повлекување согласност за обработка на личните податоци</u>**
Согласноста за обработка на Вашите лични податоци, имате право да ја повлечете во секое време. Доколку сакате да остварите некое од Вашите права, може да не контактирате во секое време на следната е-пошта: vdimitrovska@krivapalanka.gov.mk.
Офицерот за заштита на личните податоци ќе постапи по барањето без одлагање.

Вие имате право да поднесете и Барање до Агенцијата за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци.

**7.Давање информации на корисници/трети страни**
1: Личните податоци, ќе бидат откриени или споделени како што е соодветно (и во сите случаи во согласност со Законот за заштита на личните податоци) со вработените во Општина Крива Паланка со други субјекти (на пример во согласност со законските обврски), по барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само во случај ако постои законски основ за тоа и/или со поврзани ентитети и/или подобработувачи доколку се битни за остварување на некоја од целите наведени во оваа Политика за приватност

(вклучувајќи ги и/ нашите даватели на услуги кои ја олеснуваат функционалноста на страницата и/или која било услуга што можеби ќе ја побараме). Личните податоци ќе ги споделиме само за да ги обезбедиме услугите што ги барате од нас или од која било друга законска причина (вклучувајќи дека во одредени случаи согласно закон се предвидени ограничувања на обемот на обврските и правата за кои не е потребна Ваша согласност).
Секое такво овластено откривање ќе биде направено во согласност со Законот за заштита на податоци. Наведените даватели на услуги (Нашите обработувачи) се обврзани и со голем број други обврски (особено, оние утврдени во член 32 од Законот за заштита на податоци).
Вашите лични податоци никогаш нема да бидат споделени со трети страни за нивни сопствени маркетинг цели (освен ако не дадете Ваша согласност за тоа).

„Нашата институција не споделува податоци за Вас и/или за Вашата посета на нашата веб-страница, на трети лица, освен во следните случаи:
- во случај на ангажирање на даватели на услуги ако Општина Крива Паланка ги ангажира како обработувачи во согласност со Законот за заштита на личните податоци со што ќе бидат обврзани да постапуваат по упатствата добиени од страна на Општина Крива Паланка и да обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги;
- По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само во случај ако постои законски основ за тоа“.

**8 .Време на чување на личните податоци**

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени во планот и листите согласно прописите за архивски материјал и списокот со рокови на чување на личните податоци на Општина Крива Паланка. (ПРАВИЛА ЗА АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ СО СПИСОК (ПРЕГЛЕД) СО РОКОВИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**9.Промена на политиката на приватност од Општина Крива Паланка**

Оваа Политика за приватност може да биде изменета во кое било време со објавување на изменетиот текст на Политиката за приватност на нашата веб страница, како и датумот на ажурирањето. Измените на Политиката за приватност влегуваат во сила веднаш по нивното објавување.

**10.Прифаќање на условите**

Со користење на оваа веб страница, ги прифаќате одредбите од Политиката за приватност на Општина Крива Паланка
Доколку не се согласувате со условите на оваа политика за приватност, Ве молиме да не ја користите нашата веб страница, односно да го прекинете пристапот. На секој корисник паѓа одговорноста периодично да ја прегледа Политиката за приватност и да ги прочита нејзините евентуални измени.

**11.Контактирајте не:**

Доколку имате прашања во врска со Политиката за приватност на Општина Крива Паланка

Е-пошта:opkp@krivapalanka.gov.mk
За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на личните податоци, може да го контактирате нашиот офицер за заштита на личните податоци, е-пошта:vdimitrovska@krivapalanka.gov.mk